**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

# Наставна програма

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

**за II одделение**

**Скопје, 2021 година**

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | ***Македонски јазик*** |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Одделение** | II (второ) |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | ***1. Слушање и зборување***<br>***2. Читање и пишување***<br>***3. Литература, изразување и творење***<br>***4. Медиумска писменост и медиумска култура*** |
| **Број на часови** | 5 часа неделно/180 часа годишно |
| **Опрема и средства** | • Таблет, компјутер, звучници, слушалки.<br>• Паметна (смарт) табла.<br>• Маркери во боја.<br>• Наставни листови, плакати, постери, илустрации со слики (одделни или во низа) поврзани со содржините и активностите.<br>• Книги (приказни, басни, бајки, стихотворби, гатанки, поговорки).<br>• Списанија за деца, илустрирани енциклопедии за деца, илустрирани речници.<br>• Дигитална библиотека со книги.<br>• Библиотека во училница со книги.<br>• Анимирани филмови, аудиовизуелни записи од театарски претстави, интернет образовни софтвери и други аудиовизуелни средства и други средства во зависност од целта. |
| **Норматив на наставен кадар** | Воспитно-образовната работа во второ одделение може да ја изведува лице кое е:<br>• професор/наставник/учител по одделенска настава, VII/1 или VI/1 (според МРК) и 240 ЕКТС;<br>• дипломиран педагог, VII/1 или VI/1 (според МРК) и 240 ЕКТС. |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Резултатите од учење наведени во Наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето ***Јазична писменост***:

| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
|---|---|
| I-A.1 | да ги изразува и пренесува своите мисли, чувства, информации и ставови во различни комуникациски ситуации на својот мајчин јазик преку различни медиуми и за различни цели; |
| I-A.4 | да го користи стандардизираниот јазик, со почитување на граматичките и правописните правила при усно и писмено изразување; |
| I-A.6 | да ги идентификува основните карактеристики на мајчиниот јазик (азбука, историја, дијалекти итн.) и сличностите и разликите со другите јазици; |
| I-A.8 | да разбира содржини на аудиопораки: да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднува и резимира информациите од пораките и да ги искаже (писмено и усно) со свои зборови; |
| I-A.9 | да разбира содржини на пишан текст: да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднува и резимира информациите од текстот и да ги искаже (писмено и усно) со свои зборови; |
| I-A.12 | да користи информации од различни извори и медиуми и критички да пристапува кон нив, земајќи го предвид изворот, контекстот, целта и веродостојноста на презентираните информации. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| I-Б.1 | преку изучување на мајчиниот јазик се развива сопствениот јазичен и културен идентитет, а преку јазичната комуникација се пренесува културното наследство и културата на живеење; |
| I-Б.2 | со употребата на јазикот во различни контексти и средини и во различни форми се овозможува ефикасна комуникација и интеракција (секогаш имајќи предвид со кого се остварува комуникацијата); |
| I-Б.4 | содржината и начинот на изразување на сопственото мислење можат да придонесат за одржување и за подобрување на комуникацијата, но и да предизвикаат недоразбирање и конфликти. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од следните подрачја на Националните стандарди: ***Дигитална писменост***, ***Личен и социјален развој***, ***Општество и демократска култура*** и ***Уметничко изразување и култура***.

| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
|---|---|
| IV-A.2 | да процени кога и на кој начин за решавање на некоја задача/проблем е потребно и ефективно користење на ИКТ; |
| IV-A.5 | да определи какви информации му/ѝ се потребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини; |
| V-A.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците кои се јавуваат на патот кон нивно остварување; |
| V-A.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина; |
| V-A.10 | да применува етички начела при вреднување на правилното и погрешното во сопствените и туѓите постапки и да манифестира доблесни карактерни особини (како што се: чесност, правичност, почитување, трпеливост, грижа, пристојност, благодарност, решителност, одважност и самодисциплина); |
| V-A.13 | да комуницира со другите и да се презентира себеси соодветно на ситуацијата; |
| V-A.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените грижи и потреби на конструктивен начин; |
| V-A.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите; |
| V-A.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите; |
| V-A.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и да донесува рационални одлуки; |
| VI-A.3 | да ги формулира и аргументира своите гледишта, да ги сослушува и анализира туѓите гледишта и со почитување да се однесува кон нив, дури и тогаш кога не се согласува; |
| VI-A.5 | да ги разбира разликите меѓу луѓето по која било основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн.); |
| VI-A.6 | да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и кај другите и да се спротивставува на дискриминација; |
| VI-A.7 | да препознава манифестација на вербално и физичко насилство во сопственото опкружување, да ги согледува последиците од насилството и да се спротиставува на него; |
| VIII-A.1 | да манифестира познавање на различните форми на уметничко изразување од сите области на културата (литературата, музиката, визуелните уметности, изведбените уметности, декоративните уметности, архитектурата, дизајнот); |
| VIII-A.3 | да ги изразува сопствените идеи, искуства и емоции, користејќи уметнички или други форми на креативно изразување (индивидуални или колективни); |
| VIII-A.4 | да ги интерпретира идеите, искуствата и емоциите изразени во уметничките продукти креирани од други кои се припадници на сопствената или на други култури; |

| | |
|---|---|
| VIII-А.5 | да манифестира познавање на сопствената култура и на различните начини на нејзино изразување преку литературата и визуелните уметности, музиката и танците, градбите и другите културни продукти. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| IV-Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење – ги олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативноста и иновативноста, нуди разни можности за забава; |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот кој самиот/самата го вложува и од резултатите кои самиот/самата ги постигнува; |
| V-Б.4 | секоја постапка која ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина; |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остварување на целите и надминување на предизвиците во секојдневните ситуации; |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му/ѝ биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби; |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика водат кон личен напредок на индивидуален и социјален план. |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

Подрачје: ***Слушање и зборување***

Вкупно часови: 40

Резултати од учење:

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. комуницира невербално и вербално во врска со содржината на слушнат текст;
2. учествува во разговор преку изразување мислење, поставување прашања и одговарање на прашања;
3. раскажува и опишува според согледување, набљудување и искуство;
4. прераскажува и раскажува, користејќи ги соодветно глаголските времиња (сегашно, минато определено, минато неопределено и идно), како и директен и индиректен говор.

| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
|---|---|
| • Слушање со разбирање | • Повторува (невербално или вербално) слушнат текст или делови од слушнат текст.<br>• Постапува според слушната инструкција (во упатство или во порака).<br>• Го идентификува бројот на говорници кои го кажуваат текстот што го слуша и препознава |

| | |
|---|---|
| | дали говорниците се деца или возрасни, машки или женски.<br>• Ги идентификува ликовите кои зборуваат во текстот што го слуша (дали се луѓе, животни или растенија).<br>• Ги идентификува ликовите во слушнатиот текст и определува кој (и кога) зборува тивко, умерено или гласно.<br>• Го идентификува бројот на реченици содржани во текстот додека го слуша текстот (најмногу три реченици).<br>• Опишува места, локации, изглед на предмети и лица според содржината на слушнатиот текст.<br>• Резимира содржина на слушнат текст.<br>• Идентификува и кажува податоци за времето, местото, начинот и други околности на вршење на некое дејство или за особини на ликови, предмети и појави опишани во слушнатиот текст.<br>• Идентификува нелогичности во слушнат текст.<br>• Одговара на прашања од различен тип (*да/*не-прашања, *кој/што*-прашања*, каде/кога*-прашања) во врска со слушната содржина.<br>• Поставува прашања од различен тип (*да/*не-прашања, *кој/што*-прашања*, каде/кога*-прашања) поврзани со слушната содржина.<br>• Идентификува непознати зборови во слушнат текст.<br>• Составува реченици со новонаучените зборови. |
| • Реагирање по слушнат текст<br><br>(невербална и вербална комуникација) | • Прераскажува со правилна употреба на реченици со минато неопределено време (*Жирафата ја изела целата храна. Децата стоеле надвор.).*<br>• Невербално реагира (преку мимики, гестови или ономатопеја) во знак на согласување/несогласување, верување/неверување, сомневање, изненадување, потврдување/одрекување, потсмевање, лутење во врска со слушната содржина.<br>• Реагира со куси искази („Да./Не.“; „Добро.“; „Се разбира.“; „Договорено!“; „Навистина?“; „Мислиш?“; „Како да не!“) во знак на согласување/несогласување, верување/неверување, сомневање, изненадување, потврдување/одрекување, потсмевање, лутење во врска со слушната содржина.<br>• Усно одговара на слушнати прашања, со избирање на еден од три понудени одговори, со дополнување реченица со збор или со *да/не*-одговор. |

| | |
|---|---|
| • Изговор<br><br>(гласови, слогови, зборови и реченици) | • Правилно ги изговара гласовите на македонскиот гласовен систем.<br>• Повторува слушнати зборови поделени на слогови и самостојно дели едноставни зборови (трисложни, а најмногу четирисложни) на слогови.<br>• Препознава зборови со испуштени или со додадени гласови, со неправилен состав или редослед на гласовите и ги кажува правилно.<br>• Определува глас на почетокот и на крајот на зборот.<br>• Изговара расказни, прашални и извични реченици со правилна интонација, самостојно и во контекст. |
| • Водење разговор<br><br>(тема на разговор, разговор, дијалог, говорник, соговорник) | • Започнува разговор на дадена тема (кажува што мисли и/или поставува прашање).<br>• Се вклучува во започнат разговор со еден или повеќе соговорници (искажува согласување/несогласување и/или поставува прашање/одговара на прашање).<br>• Комуницира во различни ситуации, користејќи востановени начини на поздравување, отпоздравување, запознавање, претставување, опишување, замолување, извинување, обраќање итн.<br>• Користи соодветна висина на тонот на зборување, во зависност од комуникациската ситуација и од соговорникот. |
| • Усно прераскажување, раскажување и опишување (расказни реченици, прашални реченици, потврдни реченици, одречни реченици, директен говор, индиректен говор) | • Прераскажува со правилна употреба на реченици со минато неопределено време (*Жирафата ја изела целата храна. Децата стоеле надвор.).*<br>• Усно раскажува за вообичаени, доживеани или претстојни дејства со правилна употреба на реченици со сегашно време (*Јас живеам во Кратово.)*, минато определено време (*Поштарот донесе две писма.*) и идно време (*Утре ќе одам во библиотека.).*<br>• Раскажува според согледување, набљудување и искуство.<br>• Раскажува кратка приказна врз основа на серија слики.<br>• Раскажува приказна за настани/случки (слушнати или од сопствено искуство), претставувајќи ги хронолошки и со правилна употреба на глаголските времиња.<br>• Раскажува на зададена тема или на тема по избор, користејќи соодветен вокабулар и правилни граматички форми.<br>• Опишува лица, предмети, растенија, животни и пејзажи врз основа на набљудување или имагинација.<br>• Пренесува со индиректен говор дијалог составен од две реченици (расказни, прашални, извични, потврдни, одречни *(– Марија, дај ми ја книгата, те молам! – Почекај ме да* |

| | |
|---|---|
| | *допишам, Марко! / Марко ја замоли Марија да му ја даде книгата. Марија му рече да ја почека да допише.).*<br>• Пренесува реченици од индиректен говор во дијалог со две реченици *(Чуварот нѐ праша кога ќе си одиме. Му рековме дека имаме уште два часа. – „Кога ќе си одите, ученици?“ „Имаме уште два часа, чичко чувар.“).* |

**Примери за активности**

- Учениците слушаат најава на позната (актуелна) серија за деца и идентификуваат за која серија се работи. Потоа се делат во групи, го повторуваат со потпевнување она што го слушнале и цртаат цртеж со симбол кој ја отсликува содржината од слушнатото. (Алтернативно, слушаат најава на позната телевизиска музичка серија, ја препознаваат и цртаат нота, насмеано лице и слично како симбол за серијата.)
- Наставникот ја кажува инструкцијата за играта *Воз* која вклучува повеќе чекори за реализација. Учениците се редат во круг и со кажување броеница одредуваат кој ученик ќе ја игра улогата на локомотива. Избраниот ученик започнува да се движи по внатрешната страна на кругот од ученици пеејќи: „Возот тргнува, локомотивата кружи, ајде (името на ученикот) со нас да се дружиш!“ Ученикот чие име е кажано треба да се фати за половината на „локомотивата“. Потоа тој ученик ја пее песничката, извикувајќи го името на друг ученик и така натаму сѐ додека сите ученици не се фатат на „возот“.
- Наставникот пушта аудиоснимка од телефонски оператор кој дава инструкција за натамошно постапување кога се бара некоја услуга или информација. Учениците пред себе имаат нацртана тастатура со бројки и ја користат за да ги следат чекорите што ги наведува операторот за да стигнат до однапред зададена цел (услуга или информација). Неколку ученици ги презентираат преземените чекори.
- Учениците се поделени во групи. Наставникот пушта по два аудиозаписи (телефонски пораки, снимени кратки разговори, делови од монолошки и дијалошки форми, фрагменти од анимиран филм и сл.). Учениците по групи разговараат за бројот на учесниците во аудитивните материјали, дали тие гласови што ги слушнале се гласови на деца, возрасни и дали се машки или женски. Секоја група пред паралелката ги презентира своите согледувања.
- Учениците се поделени во групи. Групите заедно слушаат краток текст за убавините на Северна Македонија. Откако ќе завршат со слушањето секоја група добива голем лист за цртање и материјали (лепак, зрна леќа/грав, мониста, весници) за да направи постер на тема „Мојата убава земја“. При креирањето на постерот учениците се водат по она што го слушнале и запомниле за својата земја. Секоја група ја презентира својата изработка пред целата паралелка.
- Учениците слушаат текст подготвен од наставникот на тема „Мојата омилена играчка“. Во текстот акцентот е ставен на видот на играчката, нејзината намена и нејзината важност за детето. Учениците, поделени во парови, меѓусебно си ја опишуваат играчката како што си ја замислиле додека го слушале текстот. Неколку ученици го презентираат сопствениот опис пред сите. Се дискутира зошто описите им се разликуваат.

- Учениците слушаат куса приказна (на пример: *Дедото и репката*). Потоа, поделени во групи, ја резимираат содржината што ја слушнале, запишувајќи три реченици. Групите ги читаат напишаните реченици на глас. Преку отворена дискусија се идентификуваат ликовите и редоследот на нивното појавување и се определува местото и времето на случување на дејството.
- Учениците ја играат играта *Исправи ја грешката*. Наставникот им чита нелогични реченици, како на пример*: Рибата лета во езерото. Ветерот грее во зима.* Учениците ги откриваат нелогичностите и ги запишуваат речениците со корекции што обезбедуваат да имаат смисла и меѓусебно ги споделуваат и коментираат.
- Учениците се поделени во четири групи според годишните времиња – влечат ливче и го кријат годишното време што им се паднало. Секоја група треба да открие кое годишно време се другите групи преку поставување: две *да/*не-прашања, *две кој/што*-прашања и две *каде/кога*-прашања, при што не смее директно да праша за кое годишно време се работи. На крајот се дискутира кои биле клучните прашања кои намногу помогнале за откривање на годишното време.
- Наставникот чита краток текст поврзан со некое годишно време во кој има непознати зборови за учениците. Секој ученик внимателно следи, ги идентификува непознатите зборови и ги запишува на ливче. Учениците се делат во групи, ги споредуваат непознатите зборови што ги идентификувале и се обидуваат заеднички да го определат нивното значење. Наставникот повторно го чита текстот, а учениците го прекинуваат кога ќе наиде на непознат збор и прво тие се обидуваат да го објаснат, а ако не успеат наставникот им го кажува значењето. Непознатите зборови се запишуваат на табла, па од секој од нив учениците, во група, составуваат реченици и ги читаат пред другите.
- Учениците слушаат текст во кој ликовите изразуваат согласување и несогласување со нешто или со некого, верување и неверување во нешто искажано, сомневање во нешто, изненадување, потврдување и одрекување, потсмевање и лутење на некого. Читањето на текстот се прекинува по секоја таква ситуација и учениците со гестикулации/гестови, мимики и/или ономатопејски звуци невербално го манифестираат значењето на слушнатото. Во дискусија прават разлика меѓу невербалните реакции што се навредливи (на пример: плазење јазик) и оние што се користат со друга намена (на пример: палец нагоре во знак на поддршка).
- Учениците се поделени во двојки. Добиваат задача да одговорат на три прашања со куси одговори од типот: „Да./Не.“; „Добро.“; „Се разбира.“; „Договорено!“; „Навистина?“; „Мислиш?“; „Како да не!“. Потоа секоја двојка треба да состави дополнителни три прашања кои водат до наведените одговори. Составените прашањата им ги поставува на друг пар.
- На учениците усно им се поставуваат прашања за нивниот начин на исхрана дома и на училиште. Неколку прашања се со со *да/не*-одговор и неколку со три понудени одговори, а дополнително им се читаат и реченици што треба да ги дополнат. На крајот се дискутира во која ситуација им било најлесно/најтешко да одговорат и зошто.
- Учениците ги повторуваат гласовите и зборовите што ги кажува наставникот или ги слушаат од аудиоматеријал. Се внимава на правилен изговор – гласовите да не бидат непотребно издолжувани, скратувани, испуштани, стеснувани или проширувани, да не се изговараат шушкаво, непотребно стврднувани или омекнувани, призвукот кај гласот *'р* да се изговори пред, а не по артикулацијата на *р*. Учениците повторуваат онолку пати колку што е потребно за да се приближи изговорот на гласовите или на зборот до правилниот. Примери: *е:и/а* (пЕгла:пИле, свЕќа:свАќа); *о:у* (зОшто:зУмбул, нОга:дрУга); *ч, џ, ш, ж, ќ, ѓ, ј, с, з, ц, ѕ, љ, л, р* (лЕсна:лАни, голЕм:молИв,

*ил'јада, Чај*:*Џин, Шишти*:*Жежок, Ќуп*:*Ѓон, Сонце*:*Златен, Цути*:*Ѕуни, Љубов*:*Лулка, ран – рен – рис – род – руд – 'рти –* прва.

- Учениците вежбаат изговор на еднослoжни и двосложни зборови на тој начин што заеднички или самостојно повторуваат по три збора во чиј состав има по еден ист глас (откако ќе слушнат како ги изговара наставникот). Се започнува со зборови од два гласа, а потоа бројот на гласовите нараснува: за, да, на – ан, ар, ат – на, ја, па – ама, Ана, ага – баба, аван, саан; лав, лад, лак – леб, лев, лен – леа, лее, леи – лига, лика, липа – лови, лози, ложи – луна, лупа, лута; не, ни, но – нам, нив, нос – нини, нуни, нани.
- Наставникот кажува зборови, прво по еден, а потоа по два збора. Учениците (индивидуално) определуваат дали во зборовите има некој глас што ќе го посочи наставникот. Потоа, заеднички откриваат кој глас е испуштен или додаден во слушнатите зборови и кои зборови се со неправилен состав или редослед на гласовите, а потоа ги кажуваат во правилната форма. На пример: дали во гласовниот состав на следните зборови е присутен гласот *е*: *наш, кофи, заби, прашина*, *краишта, краен* или во следните зборови изговорени по два еднолодругo е присутен гласот *ѓ*: *вага – ваги, геолог - географија, гимназија – ѓеврек*. Понатаму учениците треба да откријат дали во некои од зборовите што ќе ги слушнат недостига некој глас или некој глас е неправилно додаден и дали составот и редоследот на гласовите се во ред, како во примерите: *лис, као, откоа, сеа, опшество, евдај, фридижер, јоргут, новчарник, омпера, будинг, толумба*.
- Учениците работат во групи по четворица, секој ученик поставува задача, а другите кажуваат зборови со посочени први или последни гласови во зборот, на следниот начин: Тоа што е *ш* за Штип, за Прилеп е *п.* За кого се: *с, в, б, о* и *т*?; Тоа што е *п* за Филип, за Јаша е *а.* За кого се: *р, н, с, и* и е? Може да се користат разни видови зборови, а на почетокот учениците одговараат на задача поставена од наставникот.
- Учениците, поделени во двојки, составуваат по една реченица која ќе има значење за конкретниот ден (ќе има убава порака). Неколку двојки ги кажуваат речениците гласно пред сите, а останатите ученици имаат задача да запомнат по еден збор што ним им се допаднал. Наставникот бара еден ученик да го каже зборот што го запомнил. Понатаму наставникот додава збор на слушнатиот збор и така со уште еден до два збора други ученици ја продолжуваат логичката низа од зборови кон реченица. На крајот се изговара цела реченица. Ова се повторува неколку пати. Речениците се запишуваат на табла и наставникот ги чита истите со различна брзина. Учениците повторуваат по наставникот читајќи ги речениците со исто темпо.
- Тројца ученици добиваат картончиња на кои се нацртани: точка, извичник и прашалник. Останатите ученици смислуваат примери за извична, прашална, расказна реченица. Кога некој од учениците ќе каже, на пример, прашална реченица, ученикот кој има картон со прашалник треба да застане покрај него. Активноста се повторува повеќе пати со различни ученици со цел да се вежба интонацијата на изговарање на различните реченици.
- Учениците се поделени во парови/двојки. Едниот ученик започнува разговор за тоа каде би сакал да одат на излет со одделението, а другиот го слуша, па продолжува со кажување свое мислење или поставување прашање. Во разговорот се надоврзуваат еден на друг.
- Учениците играат улоги: едниот е ученик, а другиот е или наставник, или директор, или психолог, или хигиеничар. „Ученикот" го започнува разговорот давајќи свое мислење за нешто во училиштето и поставувајќи прашање до другиот од двојката, а другиот одговара на прашањето. Потоа улогите се менуваат – ученикот кој бил „ученик" сега станува „наставник" или некој друг од

училиштето, а другиот од парот ја презема улогата на „ученик“ и постапката се повторува. Неколку двојки го повторуваат разговорот пред сите.

- Учениците, поделени во групи, глумат ситуации (на пример: разговор за време на качување до планински врв; разговор за другарчињата од соседството; групен телефонски разговор со другарче кое има скршено нога и кое е отсутно на часовите; разговор за фотографиите направени на роденденската забава кај другарче од одделението; разговор со училишниот библиотекар од кого бараат книги за заеднички проект; разговор во семејството за впечатоците од празничната посета на домот на другарче кое слави Бајрам; разговор со повозрасни соседи за време на заедничка акција на чистење на заедничкиот парк итн.) во кои користат востановени начини на поздравување, отпоздравување, запознавање, претставување, опишување, замолување, извинување итн. При драматизациите учениците користат соодветна висина на тонот на зборување, во зависност од комуникациската ситуација и од соговорникот.
- Учениците слушаат аудиоматеријал со опис на текот на некој настан (на пример: што прави еден ученик кога ќе реши да ја препише домашната од својот соученик, без негово знаење: отворив, зедов, почнав да препишувам, дојдоа, прашаа). Потоа, учениците во двојки го прераскажуваат настанот (едниот започнува, другиот се надоврзува). Потоа, еден ученик го прераскажува настанот пред сите, а другите дополнуваат доколку нешто испуштил. При прераскажувањето на настанот глаголите се користат во друга форма: отворил, зел, почнал да препишува, дошле, прашале.
- Неколку ученици усно раскажуваат за впечатоците од роденденската забава кај своето другарче, при што користат соодветна лексика и граматички форми за опис на настанот (пример: за цвеќињата во дворот, за домашното милениче, за подарокот, за начинот на кој се забавувале, за тоа како пристигнале и како заминале од забавата, како се чувствувал и како се однесувал славеникот итн.).
- Учениците работат во групи од шестмина. Половина од групите добиваат стрип-илустрации на кои е претставено семејство на годишен одмор во кое има две деца, од кои едното е слепо. Другата половина од групите добиваат стрип-илустрации на кои е претставен градски крос на кој учествуваат лица со физичка попреченост. Секој ученик во групата смислува по една реченица во врска со зададениот визуелен материјал и ја изложува пред другите во својата група. На крајот секоја група го презентира стрипот со смислените реченици пред сите.
- Учениците работат во двојки/парови. Половина од двојките составуваат усни дијалози од по две реченици, користејќи расказни, прашални, извични, потврдни и/или одречни, според насоките од наставникот. Другите парови составуваат устен исказ со две реченици во индиректен говор. Потоа, секоја двојка ги кажува своите реченици и ги трансформира од дијалог во индиректен говор и обратно *(– Лина, сакаш утре да возиме точак заедно? – Може, Марко, околу мојата зграда имаме убава велосипедска патека. / Марко ја праша Лина дали сака утре да возат точак заедно. Лина се согласи и му рече на Марко дека околу нејзината зграда имаат убава велосипедска патека. // Водителот кажа дека наградната игра ќе трае уште еден месец. Ангела ја праша мајка си дали може да учествува. / Водителот: „Наградната игра ќе трае уште еден месец.“ Ангела: „Мамо, може да учествувам?“* ).

Подрачје: ***Читање и пишување***
Вкупно часови: **65**

**Резултати од учење**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. чита со разбирање зборови, реченици и кратки текстови напишани во наставниот материјал и во опкружувањето;
2. пишува мали и големи ракописни букви според македонската азбука и правилно да ги употребува при пишување зборови и реченици;
3. пишува куси и едноставни текстови според диктат, од сеќавање и самостојно, на дадена тема;
4. применува основни правописни правила за голема и за мала буква, за интерпункциските знаци точка, извичник и прашалник и за пренесувањето на еден слог од составот на двосложен збор во друг ред.

| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
| --- | --- |
| • Почетно читање<br>(глас, слог, збор, едноставна реченица, куса реченица, азбука) | • Ги кажува буквите според редоследот во азбуката.<br>• Ги препознава буквите и ги поврзува со соодветниот глас и со зборови што започнуваат со тој глас.<br>• Ги поврзува печатните и ракописните букви со соодветните гласови.<br>• Ги препознава ракописните букви во состав на слог, збор или реченица.<br>• Идентификува буква, слог или збор во пишан текст по слушање, напишани во книга или на визуелен нагледен материјал.<br>• Чита букви, слогови, зборови и едноставни/куси реченици во состав на разни текстови (наставни материјали, книги, списанија, реклами, објави, називи на артикли/производи, плакати, пораки, формулари, натписи, билборди, графити, излози итн.).<br>• Чита едноставни и кратки реченици кои содржат новонаучени зборови.<br>• Идентификува непознати зборови во пишан текст.<br>• Одговара на куси прашања што ќе ги прочита.<br>• Препознава и расказни, прашални и извични реченици во текст и ги чита со соодветна интонација.<br>• Составува прашања за куса потврдна реченица што ќе ја прочита.<br>• Составува куси одречни реченици од прочитани потврдни реченици и обратно.<br>• Во пишан текст препознава зборови и реченица како одговор на прашање во врска со содржината на слушнат текст.<br>• Составува прашања во врска со содржината од прочитан текст.<br>• Трансформира прочитани реченици со менување од еднина во множина и обратно, со обединување на две реченици во една и со замена на сопствена именка со лична заменка. |

| | |
|---|---|
| | • Трансформира прочитани реченици од расказни во прашални и извични и обратно, односно од потврдни во одречни и обратно. |
| • Почетно пишување (ракописни букви, мали букви, големи букви, точка, запирка прашалник, извичник, азбука) | • Прави разлика меѓу ракописни и печатни букви.<br>• Пишува ракописни букви (мали и големи).<br>• Пишува зборови и куси реченици со ракописно писмо.<br>• Пишува едноставна јазична содржина (поврзува гласови и букви во целосен збор, зборови во реченица) по слушање.<br>• Пишува голема буква на почеток од реченица што ја запишува од слушање.<br>• Пишува едноставни и куси текстови по диктирање.<br>• Самостојно пишува едноставен текст, од сеќавање на претходно слушнат текст или од текст научен напамет.<br>• Пишува кус текст на дадена тема.<br>• При пишување ги разделува слушнатите зборовите на слогови.<br>• При пишување правилно пренесува делови од зборови во следниот ред.<br>• Пишува правилен интерпункциски знак на крај од реченица.<br>• Личните имиња и презимиња и имињата на населените места ги пишува со голема буква.<br>• Ги пишува со зборови броевите до 100 и редните броеви до 10.<br>• Препознава неправилен редослед на букви во пишани зборови и неправилен редослед на зборови во пишани реченици и правилно ги препишува зборовите, односно речениците.<br>• Препознава грешки во пишан текст (испуштени букви, слогови, зборови, делови од реченица, интерпункциски знаци) и правилно го препишува текстот.<br>• Пишува реченици во кои ги вклучува новонаучените зборови. |

**Примери за активности**

- Учениците пеат песна за азбуката на македонски јазик и ја пишуваат.
- Учениците прво вежбаат пишување елементи на ракописни букви, а потоа ги пишуваат буквите чии елементи ги вежбале.
- Учениците добиваат листа со печатни букви (големи и мали) и покрај секоја со ракописно писмо ја запишуваат истата буква.
- Учениците добиваат низи од зборови и читаат: сом, сам, сум; нема, зема, шема; шал, мал, дал. Од нив се бара да ја согледаат промената на значењето на зборот при промената на една буква. Се поттикнуваат да даваат свои примери.

- Секој ученик добива лист со две колони – едната со мали, а другата со големи букви. Се бара секој самостојно да ги поврзе малата и големата буква и да каже збор кој ќе почнува на тој глас/буква или, пак, ќе го содржи тој глас во средина или на крајот.
- Секој ученикот добива лист во кој се напишани во три реда по десет ракописни букви (мали и големи). Учениците, еден по еден, читаат по една буква, како што ќе им дојде редот, колку што можат побрзо. На секоја погрешно прочитана буква се застанува со читањето и се продолжува откако наставникот ќе ја поправи грешката.
- Учениците се поделени во групи од четворица, добиваат табла со четири колони со полиња во кои се напишани зборови. Секој од нив фрла коцка и го чита зборот на кој ќе застане. Доколку погреши, се враќа на почетокот. Ученикот кој ќе стигне до крајот започнува да врти нов круг сè додека не се даде знак за завршување на играта.
- Наставникот им чита на учениците реченици кои започнуваат на одредена буква која се изучува на часот. Учениците добиваат работен лист со зборови каде што треба да ја препознаат и подвлечат новата изучена буква. Кога ќе завршат, си го разменуваат работниот лист со соученикот до себе и ја проверуваат точноста на одговорите.
- Наставникот им дели на учениците работен лист на кој има приказна со илустрации. Учениците имаат задача да ја напишат приказната следејќи го дејството прикажано на илустрациите.
- Учениците, поделени во групи, извлекуваат картички со реченици кои содржат непознати зборови. Во рамките на групата го идентификуваат непознатиот збор и се обидуваат да го откријат неговото значење. Непознатиот збор го читаат пред сите, го запишуваат на табла и го споделуваат мислењето за неговото значење. Наставникот го дообјаснува значењето на зборот и секоја група смислува нова реченица со новонаучениот збор.
- Учениците работат во парови – едниот ученик чита краток текст, а другиот слуша и му поставува *да/не*-прашања и прашања со прашалните зборови: *кој*, *кога*, *каде*. На прашањата одговара ученикот кој го читал текстот. Потоа ги заменуваат улогите. На крајот се дискутира во која улога им било потешко и/или поинтересно.
- Учениците добиваат работен лист со краток расказ со изоставени интерпункциски знаци. Нивна задача е да ги стават соодветните интерпукциски знаци и да го прочитаат текстот на глас со почитување на напишаните интерпункциски знаци.
- Учениците стојат во круг и имаат едно топче (може гумено или од стуткана хартија). На знак на наставникот првиот ученик со топчето во рака кажува потврдна реченица и го подава топчето на друг ученик. Другиот ученик прво ја претвора потврдната реченица во прашална, а потоа смислува нова потврдна реченица и го подава топчето на трет ученик. Постапката се повторува сè додека сите ученици не кажат барем по една реченица. (Алтернативно е играта да се игра со клопче волница и да се заврши со пајакова мрежа.)
- Наставникот им дели на учениците, поделени во парови, по 5 илустрации. Секој ученик од парот самостојно пишува со ракописни букви по една потврдна реченица за секоја илустрација. Потоа ги разменуваат напишаните потврдни реченици и ги претвораат и запишуваат како одречни.
- Учениците, поделени во групи, добиваат работен лист со напишан текст (приказна) и прашања во врска со приказната. Тие имаат

задача да ги најдат и подвлечат деловите од текстот од кои произлегуваат одговорите на прашањата.

- Наставникот чита текст, а учениците составуваат и запишуваат прашања во врска со содржината на прочитаниот текст. Потоа ги читаат прашањата и другите ученици ги одговараат.
- Учениците добиваат наставен лист и во пар трансформираат прочитани реченици: 1) од еднина во множина (пример: *Јас пишувам. Ние пишуваме. Марија пешачи. Марија и Адријан пешачат. Вчера изедов еден сладолед и една праска. Вчера изедов два сладоледа и две праски.);* 2) со замена на сопствена именка со лична заменка (пример: *Петар и Мирлинда гледаат филм. Тие гледаат филм. Петар седи на под, а Мирлинда на фотелја. Тој седи на под, а таа на фотелја.*); 3) со претворање од еден во друг вид (расказни, прашални, извични, на пример: *Пиеш млеко од чаша. Пиеш млеко од чаша? Пиј млеко од чаша!*); 4) од потврдување во одрекување и обратно (*Ќе дојдеме на роденденот. Нема да дојдеме на роденденот.*).
- Учениците индивидуално читаат текст во кој има куси реченици, потоа идентификуваат две реченици што може да се спојат и ги спојуваат во една (пример: *Марија спие. Брат ѝ гледа телевизија. Марија спие, а брат ѝ гледа телевизија.*).
- Наставникот смислува расказни, прашални и извични реченици и секој збор од нив го запишува на еден лист хартија (на пример: *Флорина и Огнен играат со топка. – Каде јадат колачиња Енис и Нина?*) Учениците се поделени во групи со онолку членови колку што има зборови во реченицата. Секој ученик од групата влече по еден лист. Секоја група има задача да ги распореди своите членови така да формираат реченица со сите зборови. Потоа ги читаат со соодветна интонација и ги споредуваат речениците што ги формирале и определуваат која реченица е расказна, која извична, а која прашална.
- Секој ученик добива лист на кој се напишани големите ракописни букви кои ги претвора во збор, допишувајќи мали ракописни букви. Со соученикот до него ја проверува точноста на напишаниот збор.
- Наставникот подготвува бинго-ливчиња со 15 букви за секој ученик одделно и посебен комплет од сите букви напишани на посебни ливчиња што ги става во проѕирен сад. Еден по еден ученик влече по една буква, ја чита, а другите ја заокружуваат на своето ливче доколку ја имаат. Победник во бингото е оној кој прв ќе ги заокружи сите букви на своето ливче и ќе извика: „Бинго!“
- Учениците се поделени во групи. Секоја група добива ист комплет од најмалку 15 картички со букви од кои може да се состават повеќе зборови од 3 до 5 букви. Задача на групите е да составуваат што повеќе зборови. Секој составен збор треба да го напишат со ракописни букви на посебен лист. По завршување на активноста групите ги лепат листовите со зборовите на табла, ги читаат наглас и ги споредуваат.
- Секој ученик добива наставен лист со различни слогови. Слоговите ги користи за: 1) да открие кои од нив може да претставуваат и еднослoжни зборови, 2) да креира двосложни зборови и 3) од креираните зборови да составува куси реченици. Речениците ги запишува со ракописни букви, а една од нив ја чита наглас.
- Учениците добиваат текст со грешки (речениците се напишани со мала почетна буква). Тие имаат задача да ги пронајдат грешките, да

ги поправат и да го препишат текстот правилно, со ракописни букви.

- Наставникот чита едноставни и куси текстови, ученикот слуша внимателно и го запишува тоа што го слуша со ракописни букви. (На пример: *Баба е на пазар. Дедо игра шах. Пепи црта летало. Ќе ѝ го покаже на баба кога ќе се врати од пазар*.)
- Секој ученик добива пишани насоки за тоа како да креира текст. Во насоките се укажува на темата (на пример: *Со што сакам да играм*), на бројот и видот на речениците што треба да ги напише (на пример: напиши 4 реченици, од кои една треба да биде прашална) и како да ги напише (на пример: насловот да биде со печатни букви, а текстот со ракописни букви). Неколку ученици читаат што напишале и се дискутира кои биле насоките и дали сите ги испочитувале.
- Учениците добиваат текст – во секој ред од текстот има зборови што се пренесени во друг ред, дел од нив правилно, а дел неправилно. Учениците треба да го прочитаат текстот, да ги пронајдат неправилно пренесените зборови и да кажат како треба правилно да се пренесат.
- Наставникот диктира 30 зборови, а учениците ги запишуваат. Задача на секој ученик е да ги искористи овие зборови за да направи 3 реченици во кои ќе употреби различни интерпункциски знаци (прашалник, извичник, точка и запирка). Учениците ги запишуваат речениците во тетратките со ракописни букви и усно ги кажуваат.
- Учениците добиваат наставен лист со зборови кои означуваат имиња и започнуваат со голема буква и зборови (општи именки) кои започнуваат со мала буква. Учениците работат во парови и имаат задача да ги утврдат разликите меѓу зборовите кои се пишуваат со мала и голема буква. Потоа запишуваат во тетратките имиња на некои улици, продавници и градови со употреба на голема буква.
- Учениците добиваат наставен лист со имиња: лични имиња на луѓе и миленици, географски поими, името на училиштето. Заокружуваат што е точно напишано и си проверуваат заеднички во одделението.
- Секој ученик извлекува по шест картички со броеви до 100 и две картички со редните броеви до 10 и ги запишува со зборови во тетратката. Броевите, особено оние што се посложени и/или поспецифични, се пишуваат со зборови на табла.
- Учениците добиваат текст со грешки (неправилен редослед на букви во пишани зборови и неправилен редослед на зборови во пишани реченици). Тие имаат задача да ги пронајдат грешките, да ги поправат и правилно да ги препишат зборовите, односно речениците.
- Учениците добиваат наставен лист со зборови и кратки реченици во кои се испуштени букви, слогови, зборови, делови од реченица, интерпункциски знаци. Учениците треба да ги пронајдат грешките и правилно да го напишат текстот.
- Учениците работат во пар на зададена стихотворба во која има непознати зборови. Тие ги подвлекуваат непознатите зборови и преку отворена дискусија го откриваат нивното значење. На крајот ја учат стихотворбата напамет.
- Учениците решаваат крстозбор во кој насоките се дадени со сликички (пр. 1. вертикално: 🚲). Препорачливо е крстозборот да се подготви тематски, со поими што се изучуваат во другите предмети.

Подрачје: ***ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ***
Вкупно часови: **60**

**Резултати од учење**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. разликува видови литературни текстови (расказ, приказна, бајка, басна, песна и драма);
2. анализира содржина на литературен текст (ликови, настани, место и време на одвивање);
3. прераскажува литературни текстови со свои зборови;
4. раскажува (усно и писмено) на зададена тема и на тема по избор.

Ученикот/ученичката ќе:

5. развива креативно изразување.

| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
|---|---|
| • Видови литературни текстови<br>(расказ, бајка, басна, драма, песна) | • Прави разлика меѓу расказ, бајка и басна.<br>• Наведува некои карактеристики на драма (дијалог, ликови).<br>• Наведува некои карактеристики на песна (стих, строфа, рима). |
| • Анализа на литературни текстови<br>(тема, настан, лик, време, место) | • Одредува тема на прочитан литературен текст.<br>• Одредува време и место на настаните на прочитан литературен текст.<br>• Одредува настани и нивен редослед во прочитан литературен текст.<br>• Го препознава почетокот, средишниот дел и крајот на приказната.<br>• Ги препознава ликовите во прочитан литературен текст и ги поврзува нивните постапки со нивните особини.<br>• Одговара на прашања за прочитаниот литературен текст во врска со ликовите и/или содржината.<br>• Извлекува порака од содржината на едноставна песна. |
| • Усно и писмено изразување и творење | • Прераскажува литературен текст со свои зборови.<br>• Раскажува настани од секојдневниот живот кои се слични на оние во литературниот текст.<br>• Раскажува на зададена тема или на тема по сопствен избор.<br>• Креира нов почеток или поинаков крај на прочитан литературен текст.<br>• Раскажува по серија слики или илустрации. |

**Примери за активности**

- Наставникот чита расказ (пример: од *Зоки Поки*), а учениците го следат текстот пред нив, читајќи во себе. Потоа се води отворена

дискусија за карактеристиките на расказот по следните прашања: 1) Како е напишан текстот? (во реченици што се надоврзуваат), 2) Колку главни ликови има? Кои? (вообичаено има еден главен лик во секој расказ) и 3) За што се зборува? (се опишува настан во врска со главниот лик). На крајот неколку ученици го прераскажуваат расказот со свои зборови.

- Наставникот чита бајка (пример: *Јованче и Марика*), а учениците го следат текстот пред нив, читајќи во себе. Неколку ученици ја раскажуваат бајката. Потоа се води отворена дискусија за карактеристиките на бајката по следните прашања: 1) Дали настанот што е опишан во бајката може да се случи во животот? Зошто? (настанот е нереалистичен, има куќа што не може да постои и има лик со волшебна моќ); 2) По што се разликува оваа бајка од расказот? (во расказот нема нереален настан и нереален лик); 3) По што е слична бајката со расказот? (двете се напишани со реченици што се надоврзуваат и двете раскажуваат некој настан).
- Наставникот чита басна (пример: *Лавот и глушецот*), а учениците го следат текстот пред нив, читајќи во себе. Потоа се води отворена дискусија за карактеристиките на расказот по следните прашања: 1) Што научивме од басната?; 2) Кои беа ликовите во басната? Какви особини имаа тие?; 3) Дали особините што се прикажани во басната се карактеристични за животните или за луѓето? Зошто?; 4) По што се разликува оваа басна од расказот? (ликовите се животни со човечки особини); 5) По што се разликува оваа басна од бајката? (во бајката има лик со волшебна моќ, а во басната животните имаат човечки особини).
- Наставникот чита куса драма за деца или извадок од подолга драма. Потоа им ги доделува улогите на ликовите на неколку ученици и секој ја чита својата улога, обидувајќи се да го „глуми“ ликот. Потоа се дискутира за карактеристиките на драмата: дијалог, ликови.
- Наставникот чита песна, а учениците ја следат во пишана форма. Неколку ученици ја читаат песната наглас. Потоа се дискутира за начинот на кој е напишана (една реченица во повеќе редови) и за другите карактеристики на песната: стих, строфа, рима.
- Учениците ја читаат приказната *Штурецот и мравката*. Наставникот преку избрани цитати, за кои бара коментар, и прашања ги насочува да ја одредуваат темата на истата (одговорноста и трудољубивоста на мравките наспроти безгрижноста и мрзеливоста на штурецот).
- Наставникот чита едноставна песна. Учениците искажуваат мислење за тоа како ја доживеале содржината на песната и заеднички извлекуваат заклучок за порака од содржината на песната.
- Учениците работат во работен лист. На горната страна се наоѓа прозниот текст кој треба да го прочитаат и на долниот дел од работниот лист со техниката *Ѕвезда* на приказната да одредат ликови, време и место.
- Наставникот ја чита неколку пати приказната *Мечката и двајца пријатели*. Учениците, поделени во парови/тројки, ја добиваат приказната разделена на реченици (секоја реченица е напишана на посебно ливче/лента) со задача да ги состават според редоследот што го слушнале. Неколку групи ја читаат „составената“ приказна и се определува точноста на составувањето. На крајот се дискутира за пријателството и запишуваат по една реченица, опишувајќи го онака како што тие го разбираат.
- Наставникот ја чита басната *Мравката и гулабот* (https://www.youtube.com/watch?v=3ULpGMtrrts), а учениците одредуваат што се случило на почетокот на басната, што се случило во средината на басната, како и што се случило на крајот на басната преку прашањата: Кој се наоѓа во неволја на почетокот на текстот?, Како се спасува од таа ситуација?, Кој друг е во неволја потоа и како се

спасува?

- Учениците ја слушаат *Пепелашка*. Наставникот, користејќи ја техниката *Стоп*, запира повеќепати во читањето на текстот и преку прашања ги поттикнува учениците да ги откријат ликовите и нивните постапки. На крајот на приказната ги споредуваат ликовите според особините кои произлегуваат од постапките.
- Наставникот ја чита басната *Зајакот и желката*. Учениците, поделени во парови, разговараат за постапките на зајакот и постапките на желката во басната и објаснуваат како желката побрзо стаса на целта, иако е побавна (истрајна е), а зошто зајакот не стаса прв, иако е вистински побрз (наместо да се потруди, ѝ се потсмеваше на желката). На крајот учениците преземаат улога на зајак и желка и ја драматизираат басната.
- Учениците прераскажуваат прочитан текст користејќи свои зборови.
- Учениците раскажуваат случка по доживување кога се почувствувале дека некој нечесно се однесувал кон нив (на пример: ги излажал, ги измамил, ги наклеветил).
- Учениците читаат текст самостојно, а потоа дискутираат за него одговарајќи на три прашања: дали им се допаѓа, кој дел или целосно им се допаѓа и зошто. Потоа пристапуваат кон негово изменување: креираат нов почеток или нов крај.
- Учениците добиваат приказна во слики со измешан редослед на сликите со задача да ги подредат сликите во логичен редослед и врз основа на тоа да напишат краток текст.

Подрачје: ***МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ И МЕДИУМСКА КУЛТУРА***
Вкупно часови: **15**

**Резултати од учење**

**Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**

1. разликува и наведува различни видови медиуми
2. ги разбира медиумските пораки и прави разлика меѓу известување, рекламирање и давање упатства
3. идентификува и толкува информации и пораки во текстуални, сликовни и дигитални медиумски содржини за известување, за давање упатство и за рекламирање;
4. креира куси медиумски пораки за известување, за давање упатство и за рекламирање.

| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
|---|---|
| • Видови медиуми<br>(печатени медиуми, визуелни медиуми, интернет-медиуми) | • Ги наведува изворите на медиумски пораки и содржини (списание, радио, телевизија, билборд, плакат, леток, интернет-медиуми, мобилен телефон). |

| | |
|---|---|
| • Видови медиумски пораки (известување, упатство, реклама) | • Ги наведува изворите на медиумските пораки (списание, радио, телевизија, билборд, плакат, леток, интернет, мобилен телефон).<br>• Прави разлика меѓу медиумските пораки за известување, за давање упатство и за реклама.<br>• Извлекува важна информација од различни видови медиумски пораки. |
| • Толкување и користење медиумски содржини | • Идентификува клучна порака во текстуални медиумски содржини напишани со букви со различна големина/дебелина и/или во различни бои.<br>• Идентификува клучна порака во медиумски содржини со илустрации според големината, позицијата и бојата на прикажаните објекти.<br>• Го препознава значењето на дигиталните икони (емотикони, гифови и мимови) во мобилните и компјутерските апликации.<br>• Креира клучни зборови и изрази и бира соодветни илустрации и дигитални икони како основа за упатување медиумска порака. |
| • Креирање медиумски пораки и содржини | • Избира медиумски содржини за презентирање на поими и разработка на теми.<br>• Составува куса медиумска порака во вид на реклама, упатство и информирање. |

**Примери за активности**

- Наставникот презентира примери на различни медиуми (печатени, визуелни или интернет-медиуми), а учениците треба да утврдат за какви типови медиуми станува збор. Преку дискусија учениците треба да разберат што сѐ се подразбира под поимот медиум, какви типови медиуми постојат и какви содржини може да пренесуваат (текст, фотографија, слики, визуелни содржини).
- Наставникот презентира различни видови медиумски пораки и содржини наменети за различни медиуми (списание, радио, телевизија, билборд, плакат, леток, интернет, мобилен телефон). Учениците, поделени во групи, определуваат во кој медиум може да се објавени и објаснуваат зошто мислат така (на пример, приказни може да најдеме во книгите, сликовниците, во филмовите како екранизирани верзии, но и на интернет; музика може да се слуша на радио, но и на интернет и на мобилен телефон; реклами можат да видат во весник, на телевизија, но и на излозите од продавниците). Во отворена дискусија се откриваат точните одговори и образложенијата за тоа.
- Со видеопрезентација наставникот прикажува најмалку 9 примери на три вида куси медиумски пораки: за известување за одржување настан, за рекламирање на настанот и за давање упатство за однесување за време на настанот. Учениците, поделени во групи, ги извлекуваат важните информации од секоја порака и врз основа на нив ги категоризираат пораките според видот. Во дискусија се откриваат разликите во содржината на пораките што го определуваат видот на пораката.
- Учениците поделени во две групи добиваат по една тема за истражување (на пр, З*града* и *Автобус*). Учениците собираат што е можно повеќе примери од различни медиуми (илустрации, фотографии, цртеж, песничка за автобус, аудио-снимка на звукот на автобус, професии поврзани со автобус и зграда, видови згради и автобуси и сл.) кои се поврзани со темата на истражувањето. Потоа, учениците од секоја група објаснува како го направиле изборот на медиумските содржини. На крајот заеднички дискутираат кои од содржините најмногу придонесуваат да се разбере темата.

- Учениците, поделени во групи, добиваат различни текстуални медиумски содржини напишани со букви со различна големина и дебелина и во различни бои. Секоја група добива задача да ги идентификува клучните пораки во „нејзините“ содржини. Откако ќе ја заврши задачата ги презентира содржините и пораките пред другите. Во дискусија се утврдува како големината, дебелината и бојата на буквите придонесуваат за испраќање на клучната порака.
- Учениците, поделени во групи, добиваат различни медиумски содржини со илустрации во боја. Секоја група добива задача да ги идентификува клучните пораки во „нејзините“ содржини. Откако ќе ја заврши задачата ги презентира содржините и пораките пред другите. Во дискусија се утврдува како големината, позицијата и бојата на прикажаните објекти придонесуваат за испраќање на клучната порака.
- Со видеопрезентација наставникот прикажува примери на дигитални икони (емотикони, гифови и мимови) што се користат во мобилните и компјутерските апликации. Учениците го утврдуваат нивното значење преку одговарање на прашања со понудени одговори. Учениците кои одговориле точно за дадена дигитална икона го објаснуваат нејзиното значење и сите заедно дискутираат каде и за што може да се користи таа икона.
- Учениците, поделени во групи, смислуваат клучни зборови или изрази за креирање рекламна порака за некој производ по нивни избор (храна, пијалок, играчка, книга, видеоигра) и ја претставуваат сликовито (цртеж, слика, исечени фотографии и сл.). Тоа што смислиле го презентираат пред другите.
- Учениците, поделени во групи, смислуваат клучни зборови или изрази и бираат соодветни илустрации или дигитални икони за реклама на плакат/билборд или леток.
- Учениците работат во групи на креирање медиумски пораки. Секоја група составува по три пораки (известување, реклама и упатство), а секоја од нив е наменета за различен медиум (списание, радио, телевизија, билборд, плакат, леток, интернет, мобилен телефон). На крајот ги презентираат пораките пред сите.

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ, ИНТЕРКУЛТУРНОСТ И МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Наставникот обезбедува инклузивност преку вклучување на сите ученици во сите активности за време на часот. Притоа, овозможува секое дете да биде когнитивно и емоционално ангажирано преку користење на соодветни методички приоди (индивидуализација, диференцијација, тимска работа, соученичка поддршка). При работата со учениците со попреченост применува индивидуален образовен план (со прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување) и секогаш кога е можно користи дополнителна поддршка од други лица (лични и образовни асистенти, образовни медијатори, тутори волонтери и професионалци од училиштата со ресурсен центар). Редовно ги следи сите ученици, особено оние од ранливите групи, за да може навремено да ги идентификува тешкотиите во учењето, да ги поттикнува и поддржува во постигнувањето на резултатите од учењето.

При реализација на активностите наставникот еднакво ги третира и момчињата и девојчињата, при што води грижа да не им доделува родово стереотипни улоги. При формирање на групите за работа настојува да обезбеди баланс во однос на полот. При избор на дополнителни материјали во наставата користи илустрации и примери кои се родово и етнички/културно сензитивни и поттикнуваат родова рамноправност, односно промовираат интеркултурализам.

Секогаш кога е можно наставникот користи интеграција на темите/содржините/поимите при планирањето и реализацијата на наставата. Интеграцијата овозможува учениците да ги вклучат перспективите на другите наставни предмети во она што го изучуваат во овој наставен предмет и да ги поврзат знаењата од различните области во една целина.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

За да овозможи учениците да ги постигнат очекуваните стандарди за оценување, наставникот континуирано ги следи активностите на учениците за време на поучувањето и учењето и прибира информации за напредокот на секој ученик. За учеството во активностите учениците добиваат повратна информација во која се укажува на нивото на успешност во реализацијата на активноста/задачата и се даваат насоки за подобрување (формативно оценување). За таа цел наставникот ги следи и ги оценува:

- изработките на ученикот (творби, искази и сл.);
- усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;
- одговорите дадени во наставните листови;
- практичните изведби (читањето, пишувањето);
- домашните задачи;
- одговорите на квизови (куси тестови) кои се дел од поучувањето.

Сумативната оценка се изведува врз основа на целокупните податоци добиени од следењето на постигањата на ученикот и формативното оценување преку користење на различните техники на формативното оценување, при што наставникот ја констатира (опишува) развојната состојба на секој ученик поединечно во рамки на секое програмско подрачје. На крајот од учебната година ученикот добива описна сумативна оценка.

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | 2022/2023 година |

| | |
|---|---|
| **Институција/<br>носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Согласно член 30, став 3 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20) министерот за образование и наука ја донесе наставната програма по предметот *Македонски јазик* за II одделение.** | бр. ____________<br>________________ година<br>Министерка за образование и наука,<br>Мила Царовска<br>_____________________________ |